**Договорен орган**:

Македонска развојна фондација за претпријатија, во име на проектот „АгроСмарт – Развој на модерно и одржливо земјоделство“

АГРОСМАРТ

***Повик за финансиска поддршка за***

***А) Промовирање на иновативни инвестициски проекти во земјоделството, шумарството и земјоделско-прехранбената индустрија***

***Б) Подобрување на конкурентноста преку унапредување на соработката меѓу земјоделците***

# Водич за подносители на пријави за грант

Буџетска линија: 6.4

Реф.бр.: **ИПА/2022/441-362-2/АГС**

Краен рок за доставување пријави:

22.04.2024 година, во 16.00 часот

Проектот го спроведуваат:

МАКЕДОНСКА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА

HEMERA

**ЦЕП Можности**

# Содржина


**1. ПОВИК ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА – АГРОСМАРТ 3**

**1.1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ 3**

**1.2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА И ПРИОРИТЕТИ 4**

**1.3. РАСПРЕДЕЛБА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ОД СТРАНА НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН 4**

**2. ПРАВИЛА ЗА ОВОЈ ПОВИК ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА 5**

**2.1. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ 5**

*2.1.1. Подобност на подносителите* 5

*2.1.2. Подобни инвестициски акции: инвестициски акции со кои можете да аплицирате* 6

*2.1.3. Прифатливост на трошоците: трошоци што можете да ги вклучите* 9

**2.2. КАКО ДА АПЛИЦИРАТЕ И КОИ ПРОЦЕДУРИ ТРЕБА ДА ГИ СЛЕДИТЕ 11**

*2.2.1. Обрасци за пријава* 11

*2.2.2. Каде и како да ги испратите пријавите* 11

*2.2.3. Краен рок за доставување на пријавите* 11

*2.2.4. Дополнителни информации* 11

**2.3. ОЦЕНКА И ИЗБОР НА ПРИЈАВИ 12**

**2.4. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДЛУКАТА НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН 14**

*2.4.1. Содржина на одлуката* 14

*2.4.2. Индикативна временска рамка* 14

**3. ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ 14**

# 1. ПОВИК ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА – АГРОСМАРТ

## 1.1. Основни информации

Овој Повик за доделување финансиска поддршка е дел од проектот АгроСмарт – Развој на модерно и одржливо земјоделство, кој е финансиран од Европската унија, а го спроведуваат Македонската развојна фондација за претпријатија, Хемера ДОО и ЦЕП Можности. **Општата цел на проектот е зајакнат и рамномерен регионален развој преку одржување на руралните области во Североисточниот, Полошкиот, Југозападниот и Преспанскиот регион во витална состојба со создавање на поволни услови за живеење. Специфичната цел е: Зголемен број модерни и иновативни потфати од страна на земјоделците и земјоделските задруги преку поддршка за спроведување на иновативни идеи, забрзување, раст и технолошки развој.**

Целна група на проектот се: 1) **Земјоделците** на кои им е потребна модернизација, особено користење на дигитални и напредни технологии за напредок и конкурентност со нивните колеги од регионот и ЕУ. Со оглед на тоа што многу од иновативните и дигиталните решенија се достапни за големи земјоделски субјекти, малите земјоделци можат да имаат полза од користењето на такви технологии и инвестиции само преку заедничко дејствување, во задруги, здруженија, организации на производители или други форми на соработка каде што ќе можат да ги споделат и трошоците и придобивките од таквите инвестиции. **2) Земјоделските задруги** покажуваат напредок во последниве години, но сè уште им недостасуваат инвестиции за понатамошно унапредување и потенцијално прераснување во организации на производители. Постои потреба од проширување на повеќе алки од земјоделскиот синџир на вредности со вклучување на иновативни „најнови“ решенија. Нивното движење е во нагорна линија, а капацитетите треба дополнително да се зајакнат и поддржат за премин на следното ниво. **3) Младите и жените од руралните средини** обично се со ограничени финансиски и технички капацитети за да можат да вметнат современи решенија и инвестиции во својата земјоделска дејност/бизнис. Овој проект ќе обезбеди решение со обезбедување и техничка и финансиска поддршка, но и со стимулирање на заедничко дејствување и групирање во поголеми форми/здруженија на земјоделци. **4) Производителите, здруженијата, организациите на производители и локалните бизниси** можат да бидат предводници во промовирањето на модернизацијата и соработката во рамките на земјоделскиот сектор. Овој проект има за цел да создаде промотори на добри практики меѓу производителите, нивните здруженија и организациите на локалните бизниси преку поддршка на истакнати актери кои имаат иновативни и модерни идеи за технолошки инвестиции и начини за стимулирање на соработката**.**

Целни региони на проектот и на овој Повик се Североисточниот, Полошкиот, Југозападниот плански регион и Преспанскиот регион. Очекуваниот ефект на Проектот е зголемен број модерни и иновативни потфати од страна на земјоделците и земјоделските задруги преку поддршка на иновативните идеи, забрзување, напредок и технолошкиот напредок. Проектот АгроСмарт започна на 1 февруари 2023 година и следи еден постапен процес на зголемување на модерните и иновативни потфати од страна на земјоделците и задругите преку поддршка за спроведување, забрзување и поттикнување на иновативните идеи и технолошкиот развој. Проектот започна со активности за поттикнување на размислувањето и промовирање на најновите трендови во земјоделството со акцент врз иновациите, дигитализацијата и паметните решенија. Во секој од целните региони беа организирани мотивациски сесии и беа презентирани најновите технолошки трендови во земјоделството. Се разговараше и за потребите на локалните земјоделски субјекти, земјоделци и чинителите во секторот земјоделие. Намерата е да се пренасочи менталитетот во секторот од инвестирање во основни технологии кон посовремени решенија кои можат да ги унапредат земјоделските синџири на вредности за истите да бидат поефикасни, поделотворни и посеопфатни, а сепак во согласност со потребите на земјоделската заедница. Проектот, на избраните грантисти, покрај финансиската поддршка ќе обезбеди и техничка поддршка прилагодена за нивните иновативни идеи за инвестициски проекти и за подобрување на конкурентноста и соработката.

Освен ова, сите корисници на грант ќе бидат поддржувани во текот на целиот процес со цел успешна реализација на нивните идеи, обезбедувајќи усогласеност со општите правила на набавки на ЕУ и ПРАГ. И на крај, добрите практики кои се резултат на овој проект ќе бидат промовирани на национално ниво заради подигање на свеста за модернизација и иновации во земјоделството и заради видливост на поддршката од ЕУ. Овој Повик има за цел да ги поддржи инвестициските акции кои ќе придонесат **да се затвори јазот помеѓу големите и малите** земјоделски чинители, како во однос на користењето на напредни (модерни) дигитални технологии, така и во однос на (преговарачката) моќ.

Ова е втор повик за финансиска поддршка која е дел од проектот „АгроСмарт - Развој на модерно и одржливо земјоделство".

## 1.2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА И ПРИОРИТЕТИ

**Генералната цел** на овој повик е: Зајакнат и рамномерен регионален развој преку одржување на руралните области во Североисточниот, Полошкиот, Југозападниот и Преспанскиот регион во витална состојба со создавање на поволни услови за живеење.

**Специфичната цел** на овој повик е: Зголемен број модерни и иновативни потфати од страна на земјоделците и земјоделските задруги преку поддршка за спроведување на иновативни идеи, забрзување, раст и технолошки развој.

**Овој Повик има 2 приоритети:**

**Приоритет А:** Промовирање на иновативни инвестициски проекти и деловно работење на субјектите активни во областа на земјоделството, шумарството и земјоделско-прехранбената индустрија.

**Приоритет Б:** Подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор во Северна Македонија со унапредување на соработката помеѓу земјоделците со цел да се формираат организации на производители, задруги итн., вклучувајќи и засилено учество на младите и на жените во развојот на земјоделството.

## 1.3. РАСПРЕДЕЛБА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ОД СТРАНА НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Вкупниот индикативен износ на инвестициските акции поддржани во рамките на овој повик за поднесување пријави за финансиска поддршка е 11.747.423 денари.** Договорниот орган го задржува правото да не ги додели сите расположливи средства или да го промени вкупниот индикативен износ на инвестициските акции поддржани во рамките на овој повик.

Големина на грантовите

Секоја инвестициска акција во рамките на овој повик за финансиска поддршка мора да се движи помеѓу следниот минимален и максимален износ:

- **минимален износ: 1.230.000 денари**
- **максимален износ: 2.460.000 денари**

Секој грант побаран во рамките на овој повик за финансиска поддршка мора да биде помеѓу следните минимален и максимален процент од вкупните прифатливи трошоци за инвестициската акција:

- **Минимален процент: 51% од вкупните прифатливи трошоци на инвестициската акција.**
- **Максимален процент: 75% од вкупните прифатливи трошоци на инвестициската акција (види и Дел 2.1.3).**

Остатокот (т.е. разликата помеѓу вкупните трошоци на инвестициската акција и износот побаран од проектот Агросмарт) мора да се финансира од други извори, а не од општиот буџет на Европската унија.

## 2. ПРАВИЛА ЗА ОВОЈ ПОВИК ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

### 2.1. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

Постојат три групи на критериуми за подобност, кои се однесуваат на:

(1) подносителите (2.1.1)

(2) инвестициските акции (2.1.2)

(3) трошоците (2.1.3)

#### *2.1.1. Подобност на подносителите*

**Подносителот**

(1) За да биде подобен за грант, подносителот мора:

- да биде правно лице;
- да е регистриран со седиште и основан во Република Северна Македонија во Североисточниот, Полошкиот, Југозападниот плански регион или во регионот Преспа.
- да припаѓа на една од следните групи:
    - Земјоделски задруги кои се впишани во Регистарот на земјоделски задруги во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
    - Групи на земјоделци регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, во областа на земјоделството, шумарството и руралниот развој.
    - Групи на производители и организации на производители признати како такви во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој и впишани во Регистарот на групи на производители и/или Регистарот на организации на производители што ги води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
    - Правни лица регистрирани согласно Законот за трговски друштва (освен трговци поединци) чија дејност е земјоделство или преработка на земјоделски производи (овошје и зеленчук).
      Правните лица кои спаѓаат во оваа категорија треба да бидат регистрирани во Централниот регистар во рангот на микро и мали претпријатија доколку ги исполнуваат критериумите (утврдени во Препораката 2003/361/ЕЗ) кои се сумирани во следнава табела:

| Тип на субјектот | Број на вработени | Годишен промет | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|
| Мало | <50 | ≤ € 10 милиони | ≤ € 10 милиони |
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони | ≤ € 2 милиони |

*Забелешка: За утврдување на големината на субјектите се земаат податоците од соодветниот национален регистар. Потребните податоци се утврдуваат врз основа на пропратните документи добиени од официјалните национални регистри и/или други официјални документи.*

- да биде директно одговорен за подготовката и управувањето со инвестициската акција, а не да делува како посредник.
- да не се корисници на грант преку првиот повик ИПА/2022/441-362-1/АГС.

**Подносителот може да дејствува само поединечно. (Партнерства или пријави од конзорциуми не се дозволени).**

Договорниот орган ќе ја утврди подобноста на подносителите врз основа на доставените документи и информациите што ќе ги добие директно од официјалните национални регистри, соодветните државни органи или оние кои подносителот ќе го достави како официјално признати документи.

### *2.1.2. Подобни инвестициски акции: инвестициски акции со кои можете да аплицирате*

Дефиниција:

Една инвестициска акција се состои од збир на активности.

Времетраење

Времетраењето на инвестициската акција **не смее да биде пократко од 5 месеци ниту подолго од 6 месеци.**

Сектори или теми

Постојат два приоритетни сектори/теми:

**Приоритет А:** Промовирање на иновативни инвестициски проекти и деловно работење на субјектите активни во областа на земјоделството, шумарството и земјоделско-прехранбената индустрија.

**Приоритет Б:** Подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор во Северна Македонија со унапредување на соработката помеѓу земјоделците со цел да се формираат организации на производители, задруги итн., вклучувајќи и засилено учество на младите и на жените во развојот на земјоделството.

**Предложените инвестициски активности мора да се однесуваат на најмалку еден од двата приоритети наведени погоре за пријавата да се смета за прифатлива.**

Локација

**Инвестициската акција мора да се одвива во Североисточниот, Полошкиот, Југозападниот плански регион и Преспанскиот регион.**

Типови на акции

Подобни за поддршка се следниве типови на инвестициски акции:

**Во рамките на Приоритет А: Промовирање на иновативни инвестициски проекти и деловно работење на субјектите активни во областа на земјоделството, шумарството и земјоделско-прехранбената индустрија:**

- Инвестициски акции за унапредување на технолошкиот развој и модернизацијата на земјоделското производство и преработката.
- Инвестициски акции за унапредување на конкурентноста на земјоделско-прехранбениот сектор преку обезбедување поддршка за реструктуирање, развој и иновации низ целиот синџир на вредности. Креирање на нови производи во рамките на синџирите на вредности преку воспоставување соработка помеѓу преработувачите и земјоделците и промовирање на кратки синџири на снабдување.
- Инвестициски акции за поддршка на заштитата на имињата на одредени производи во земјата со цел да се промовираат нивните единствени карактеристики, поврзани со нивното географско потекло, како и со традиционалното знаење и искуство.
- Инвестициски акции за поддршка на зголемувањето на свеста и имплементацијата на шеми за квалитет за органско производство. Поддршка за диверзификација на земјоделските култури, сертификација за органското и интегрираното производство.
- Инвестициски акции за унапредување на технологијата и за пренос на искуства и иновации во земјоделството; создавање на нови знаења, технологии, производи и услуги прилагодени на локалните услови.

- Инвестициски акции за развој и спроведување на рентабилни дигитални и паметни решенија за малите и средните фарми.

- Промовирање на пилот-проекти поврзани со иновативни активности, промоција на нови технологии во земјоделскиот сектор, вклучувајќи воспоставување на агро инкубатори, создавање на дигитални платформи со цел земјоделските производи од земјоделците да се промовираат пред дистрибутерите, трговците на мало и евентуално пред крајните потрошувачи, итн.

- Инвестициски акции за промовирање на инвестирање во развојот на човечките ресурси, особено младите и жените, со обуки за нови технологии и нови начини на производство.

- Инвестициски акции за помош на сопствениците на приватни шуми со цел тие да го зголемат својот приход преку дополнителни активности како што се производството на мед, производство на дрво, одгледување диви животни итн.

**Во рамките на Приоритет Б: Подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор во Северна Македонија со унапредување на соработката помеѓу земјоделците со цел да се формираат организации на производители, задруги итн., вклучувајќи и засилено учество на младите и на жените во развојот на земјоделството:**

- Инвестициски акции во модерна опрема за поддршка на основањето и работењето на организации на производители, или здруженија на организации на производители, или меѓугрански организации или земјоделски задруги итн.

- Инвестициски акции за поддршка на синџири на вредности на земјоделските производи.

- Инвестициски акции поврзани со обуки за земјоделци, задруги итн. за промоција на производи со заштита и ознаки за квалитет и географско потекло.

- Инвестициска акции за промовирање на техничко-технолошко подобрување на капацитетите за складирање и доработка на производи произведени од групи земјоделци со цел воспоставување соработка заради развој на препознатливи производи со стандарден и/или врвен квалитет.

Списокот на типови инвестициски акции не е конечен, туку само илустративен, и соодветните инвестициски акции кои не се спомenати погоре, но се во согласност со сите други критериуми за подобност, ќе бидат исто така земени во предвид за поддршка. Една инвестициска акција може да се однесува на неколку или на комбинација од горенаведените активности со цел да се промовира модернизација и иновативно управување во секторот.

**Инвестициските акции мора да имаат за цел <u>модернизација над стандардната/основната</u> опрема и практики во секторот. Базична механизација (на пр. основен трактор, базична влечна опрема) која е вообичаено достапна не се смета за модернизација.**

При одредување на финансиска поддршка кај избраните корисници на финансиска поддршка следните работи можат да бидат земени предвид:

- Финансиската состојба на субјектите и/или проценката на релевантноста на користењето грант наспроти други можности кои му се веќе достапни на подносителот како можност за заем и поддршка од други шеми за финансиска поддршка. Кај оние со доволно капацитети треба да се поттикнуваат и алтернативни извори на финансирање (пр. заеми, ИПАРД, итн.);
- Претходно добиените поддршки. Субјектите кои биле помалку поддржани во минатото треба да имаат приоритет;
- Подобноста на субјектите за различни извори на финансирање. Приоритет треба да им се даде на субјектите без или со поограничен пристап до финансирање;
- Учеството на субјектите во инвестициската акција (процент на кофинансирање од сопствени извори). Овој критериум е добар показател за посветеноста (вклученоста) на субјектите за успешно завршување и управување со инвестициите.

Следниве типови на инвестициски акции се неподобни:

- инвестициски акции кои се однесуваат само или главно на индивидуални спонзорства за учество на работилници, семинари, конференции и конгреси;
- инвестициски акции кои се однесуваат само или главно на индивидуални стипендии за студии или курсеви за обука;
- инвестициски акции насочени претежно кон добротворни донации;
- инвестициски акции кои се веќе финансирани од други програми на Европската унија и се започнати пред датумот на потпишување на договорот.
- инвестициски акции за поддршка на политички партии или кандидати, или избори;
- ретроактивно финансирање за акции кои се веќе во процес на имплементација или се завршени;
- инвестициски акции исклучиво во корист на поединци или исклучиви ограничени групи на поединци;
- основно финансирање и тековни трошоци на подносителот;
- хуманитарни акции;
- инвестициски акции кои се ограничени на планирање, (пред)физибилити студии, концепти, набавки или други подготвителни активности без никакво спроведување барем за тест група или пробна работа.

Типови на активност

Во рамките на овој повик може да се финансираат индикативни инвестициски активности од следниов список:

- Купување на (модерна) опрема (како дронови, гпс навигациски системи, метеоролошки станици, опрема во сегментот на прецизно земјоделство, смарт уреди итн.) и со нив поврзани услуги и градежни работи;
- Паметни решенија за земјоделците.
- Пилот иновативни проекти, делумно воведување и нивна евалуација.
- Развој на ИТ системи и дигитални платформи.
- Формирање на правни лица.
- Права од интелектуална сопственост.
- Софтвер, адаптација или конфигурација на ИТ услуги.
- Апликации за мобилна и веб употреба.
- Активности за промовирање на соработката помеѓу земјоделците.
- Техничка помош и обука.
- Организација и/или учество во работилници, конференции, семинари.
- Студии, анализи, анкети.

- Градење на капацитети, обука и обучување на персоналот со цел одржливост на акцијата.

**Имајте предвид дека сите грантисти ќе добијат поддршка за менторство/обука обезбедена од посебни буџетски средства на проектот како составен дел од техничката поддршка што им се обезбедува на грантистите.**

**ЗАБЕЛЕШКА: Списокот со типови на активности не е конечен, и земени предвид за поддршка ќе бидат и илустративните и соодветни активности кои не се споменати погоре.**

Финансиска поддршка на трети лица

**Подносителите не смеат да предлагаат финансиска поддршка на трети лица.**

Видливост

Подносителите мораат да ги преземат сите неопходни чекори за да му дадат публицитет на фактот дека Европската унија ја финансирала или кофинансирала акцијата.

Договорниот орган ќе им ги обезбеди на избраните грантисти потребните материјали за видливост.

Број на пријави и грантови по подносител

- Подносителот **не смее да поднесе повеќе од 1 пријава** во рамките на овој повик за финансиска поддршка.
- На подносителот **не може да му се додели повеќе од 1 грант** во рамките на овој повик за финансиска поддршка.

### *2.1.3. Прифатливост на трошоците: трошоци што можете да ги вклучите*

Со грант можат да се покријат само „прифатливи трошоци“. Во продолжение се наведени категориите на прифатливи и на неприфатливи трошоци. Буџетот е и проценка на трошоците и општа горна граница за „прифатливи трошоци“.

Надоместокот на прифатливите трошоци може да се заснова на која било или на комбинација од следниве форми:

- реалните трошоци направени од страна на корисникот.

Подносителите треба да доставaт **реалистичен и економичен (домаќински) буџет.**

Прифатливи директни трошоци

За да бидат прифатливи во рамките на овој повик за финансиска поддршка, трошоците мора да ги исполнуваат следните критериуми:

- да настанале при спроведувањето на инвестициската акција.
- да се наведени во предвидениот вкупен буџет за инвестициската акција.
- да се неопходни за спроведување на инвестициската акција.
- да можат да бидат утврдени и проверени, и особено да се евидентирани во сметководствената евиденција на корисникот(ците) и одредени според сметководствените стандарди и вообичаените трошковно сметководствени практики применливи за корисникот.
- да се разумни, оправдани и во согласност со барањата за добро финансиско управување, особено во поглед на економичноста и ефикасноста.

Следниве директни трошоци се прифатливи:

- трошоци за набавка на опрема (нова) конкретно наменета за целите на инвестициската акција, под услов сопственоста да се пренесе на корисникот на крајот од инвестициската акција. (Буџетска линија 1 од образецот за буџет).

- други трошоци (Буџетска линија 2 од образецот за буџет): опрема, услуги и градежни работи доделени од корисникот за целите и потребите на инвестициската акција и/или поврзани со бараната опрема, наведена во рамките на Буџетската линија 1 од образецот за буџет) на почетокот и во текот на спроведувањето на Акцијата.

**ЗАБЕЛЕШКА: Вкупните трошоци за опрема (Буџетска линија 1) не смеат да бидат пониски од 80% од вкупните прифатливи трошоци на акцијата.**

Корисниците, по набавката на потребната опрема мора да се осигурат дека истите правилно се користат и дека за нив правилно се грижат, со тоа што ќе се осигураат дека опремата/материјалите (доколку е применливо) имаат полиси за осигурување и/или му обезбедат инструмент за колатерал (како меница) на Договорниот орган.

Придонеси во натура

**За овој повик нема да се прифаќаат придонеси во натура.**

Неприфатливи трошоци

Следниве трошоци не се прифатливи:

- долгови и надоместоци за отплата на долгови (камати);
- провизии за загуби или потенцијални идни задолжувања;
- трошоци кои ги пријавил(е) корисникот(ците), а се финансирани од друга акција или работна програма за која се добиваат бесповратни средства од Европската Унија (вклучително и преку ЕДФ);
- купување на земјиште или згради, освен ако е неопходно за директното спроведување на акцијата, и во овој случај сопственоста мора да се пренесе во согласност со член 7.5 од општите услови на стандардниот договор за доделување грант, најдоцна до завршувањето на акцијата;
- загуби поради курсни разлики;
- кредити кон трети лица;
- трошоци за плати на персоналот вклучително и на националните административни работници;
- глоби, финансиски казни и трошоци за судски спорови;
- амортизација на трошоците;
- царински и увозни давачки и даноци и/или давачки со еднаков ефект;
- данок на додадена вредност (ДДВ), акцизи и други посебни даноци на потрошувачка или кој било друг сличен данок, давачки или такси со еквивалентен ефект;
- давачки за посебна комуникација;
- данок за моторни возила за возила кои не се купени во склоп на проектот;

– посебни давачки што ги применуваат регионалните или локалните власти или посебните тела во контекст на извршување на договорите, кои не се сразмерни со трошоците поврзани со нивното извршување или имаат еднаков учинок, или даноци;

– хонорари за консултанти кои доаѓаат од организацијата корисник за услуги или работи извршени во рамките на проектот;

– наградување од секаков вид за членови на персоналот на кој било од корисниците што се ангажирани како надворешни експерти или хонорарни консултанти

## 2.2. КАКО ДА АПЛИЦИРАТЕ И КОИ ПРОЦЕДУРИ ТРЕБА ДА ГИ СЛЕДИТЕ

### *2.2.1. Обрасци за пријава*

Пријавите мора да се поднесат со користење на образецот за пријава за грант и образецот за буџет приложени кон овој Повик за финансиска поддршка (Прилог А и Б).

**Пријавите на подносителите мора да бидат на македонски јазик.**

Секоја грешка или поголемо отстапување во врска со точките наведени во овој водич или било која поголема недоследност во пријавата, на пр. ако износите во образецот за буџетот се недоследни), може да доведе до отфрлање на пријавата.

Нема да се прифаќаат пријави напишани на рака.

### *2.2.2. Каде и како да ги испратите пријавите*

Пријавите мора да бидат доставени во **електронска форма**. Образецот со целосната пријава (Прилог А) и буџетот (Прилог Б) мора да се испрати во електронски формат на следната е-адреса: ags@mrfp.mk.

**Подносителите мора да потврдат дека нивната пријава е целосна користејќи го списокот за проверка содржан во образецот за пријавата. Нецелосните пријави може да бидат одбиени.**

### *2.2.3. Краен рок за доставување на пријавите*

**Крајниот рок за доставување и примање на пријавите е 22 април 2024 година, 16.00 часот (по локално време).**

### *2.2.4. Дополнителни информации*

За овој повик за финансиска поддршка ќе се одржат информативни сесии. **Сите заинтересирани потенцијални подносители кои сакаат да присуствуваат на информативните сесии треба да го изразат својот интерес со испраќање е-маил на следнава е-адреса: ags@mrfp.mk. Информативните сесии за овој повик за финансиска поддршка ќе се одржат индикативно најдоцна до 05.04.2024 година.**

**Прашања може да се испраќаат по е-пошта најдоцна 21 ден пред крајниот рок за поднесување на пријавите, на долунаведената адреса, со јасно наведен референтен број на повикот за поднесување предлози:**

**Адреса за е-пошта: ags@mrfp.mk**

Договорниот орган нема обврска да дава појаснувања на прашањата добиени по овој датум. Одговорите ќе бидат доставени најдоцна 11 дена пред крајниот рок за поднесување на пријавите.

Прашањата кои можат да бидат од важност и за другите подносители ќе бидат објавени, заедно со одговорите, на веб-страницата на Договорниот орган, www.mrfp.mk.

Официјалната верзија на овој повик, и формуларите за аплицирање се на македонски јазик. Пријавувањето е исклучиво на македонски јазик. За информативни цели Повикот е преведен и на албански јазик. За евентуални недоследности помеѓу македонската и албанската верзија, официјална е македонската верзија на повикот.

Договорниот орган има право да направи измени и/или да го поништи овој повик.

### 2.3. Оценка и избор на пријави

Пријавите ќе ги разгледува и оценува Договорниот орган со евентуална помош од надворешни оценувачи. Сите пријави ќе бидат оценувани според следните чекори и критериуми:

## ЧЕКОР 1: ОТВОРАЊЕ И АДМИНИСТРАТИВНА ПРОВЕРКА

При отворањето и административната проверка ќе се оценува следново:

- Дали е испочитуван рокот. Доколку не, пријавата автоматски ќе биде одбиена.
- Дали пријавата ги задоволува сите критериуми наведени во списокот за проверка од образецот за аплицирање за грант. Ова вклучува и проценка на подобноста на акцијата и подносителот. Доколку некоја од бараните информации недостасува или е неточна, пријавата може да биде одбиена и **единствено** врз таа една основа и истата нема да се оценува понатаму.

## ЧЕКОР 2: ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРИЈАВАТА

Доколку пријавите ги поминат отворањето и административните проверки според упатствата од Чекор 1: тие ќе се оценуваат понатаму во поглед на нивниот квалитет, вклучувајќи го и предложениот буџет и капацитетите на подносителите. Ќе бидат оценувани со помош на критериумите за оценување дадени во долната табела за бодување:

| **Дел** | **Максимален број бодови** |
|---|---|
| **1. Финансиски и оперативен капацитет** | **20** |
| 1.1 Дали подносителот, доколку е применливо, располага со доволно искуство за управување со проекти и инвестициски акции? | 5 |
| 1.2 Дали подносителот, доколку е применливо, има доволно техничка експертиза? (особено познавања за прашањата на кои ќе се работи) | 5 |
| 1.3 Дали подносителот, доколку е применливо, има доволно капацитет за управување? (вклучувајќи и персонал, опрема и способност да управува со буџетот за инвестициската акција)? | 5 |
| 1.4 Дали подносителот има стабилни и доволни извори за финансирање? | 5 |
| **2. Релевантност** | **20** |
| 2.1 Колку е релевантна инвестициската акција за целите и приоритетите на повикот за финансиска поддршка и за конкретните теми/сектори/области или кој било друг конкретен услов наведен во насоките за подносителите? Дали очекуваните резултати од инвестициската акција се усогласени со приоритетите дефинирани во насоките за подносителите (Член 1.2)? | 5 |
| 2.2 Колку е релевантна инвестициска акција за конкретните потреби и ограничувања на целната земја, регион и/или релевантни сектори (вклучувајќи ја и синергијата со други развојни иницијативи и избегнувањето на дуплирање)? | 5 |
| 2.3 Колку јасно дефинирани и стратешки избрани се вклучените (крајните корисници, целните групи)? Дали нивните потреби и ограничувања се јасно дефинирани и дали инвестициската акција се бави со нив на соодветен начин? (дали е опфатено поттикнување на учеството на младите и жените во секторот земјоделие)? | 5 |
| 2.4 Дали инвестициската акција содржи одредени елементи со додадена вредност (на пр. поттикнување на учеството на младите и жените во секторот земјоделие, | 5 |

| | |
|---|---|
| иновации, модернизација, напредни технолошки решенија, најдобри практики, зелени аспекти итн.)? | |
| **3. Дизајн (обмисленост) на инвестициската акција** | **15** |
| 3.1 Колку кохерентно е обмислена инвестициската акција? Дали се наведените очекуваните резултати што треба да се постигнат со инвестициската акција? Дали логиката на интервенцијата го дава образложението за постигнување на очекуваните резултати? Дали предложените активности се соодветни, практични и конзистентни со предвидените резултати и влијание? | 5 |
| 3.2 Дали инвестициската акција и логиката на интервенција вклучува веродостојна основа, цели и извори на верификација? Ако не, дали е предвидена основна студија (и дали студијата е соодветно буџетирана во предлогот)? Дали се земени предвид надворешните фактори (ризици и претпоставки)? | 5 |
| 3.3 Дали пријавата и инвестициската акција содржи анализа на опфатените проблеми и капацитетите на релевантните чинители? | 5 |
| **4. Пристап кон спроведувањето** | **15** |
| 4.1 Дали е јасен и остварлив планот за спроведување на инвестициската акција? Дали временската рамка е реалистична? | 5 |
| 4.2 Дали инвестициската акција вклучува ефективен и ефикасен систем за следење? Дали се предвидени и дефинирани главни (економски) индикатори за развој? | 5 |
| 4.3 Дали се задоволителни нивото на вклученост на подносителот и потенцијалната вклученост на секој од предвидените локални или други релевантни чинители, како и учеството во инвестициската акција? Ова може да вклучи и аспекти на вклученост на млади, жени, здружувањето, окрупнувањето итн. | 5 |
| **5. Одржливост на инвестициската акција** | **15** |
| 5.1 Дали е веројатно дека инвестициската акција ќе има видливо влијание врз своите целни групи? | 5 |
| 5.2 Дали е веројатно дека инвестициската акција ќе има ефекти на мултипликација, вклучително и реплицирање, проширување, капитализирање од искуството и споделување на знаењето? | 5 |
| 5.3 Дали очекуваните резултати од предложената инвестициска акција се одржливи?:<br>- финансиски *(на пр. финансирање на последователни активности, извори на приходи за покривање на сите идни трошоци за работење и одржување)*<br>- институционално *(ќе овозможат ли структурите одржливост на резултатите од инвестициската акција по нејзиното завршување? Ќе постои ли локална „сопственост“ на резултатите од акцијата?)*<br>- на ниво на политики (онаму каде што е применливо) *(какво ќе биде структурното влијание на инвестициската акција – на пр. подобрено законодавство, кодекси на однесување, методи)*<br>- еколошки (ако е применливо) (*дали инвестициската акција ќе има негативно/позитивно влијание врз животната средина?*) | 5 |
| **6. Буџет и исплатливост на инвестициската акција** | **15** |
| 6.1 Дали активностите се соодветно прикажани/одразени во буџетот? | 5 |
| 6.2 Дали соодносот помеѓу проценетите трошоци и резултатите е задоволителен? | 10 |
| **Максимален вкупен збир на бодови** | **100** |

За време на процесот на евалуација, Договорниот орган може да организира теренски посети на подносителите заради собирање информации за фактичката состојба на терен. Оценувањето на подносителите ќе се врши врз основа на доставените документи за пријава.

Доколку при разгледувањето на пријавата се открие дека предложената инвестициска акција не ги исполнува критериумите за подобност наведени во член 2.1, пријавата може да биде одбиена и само врз таа единствена основа.

## ЧЕКОР 3: ПРОВЕРКА НА ПОДОБНОСТА НА ПОДНОСИТЕЛИТЕ

Проверката на подобноста ќе се врши врз основа на пропратните документи што ги бара Договорниот орган, а ги доставува барателот. Стандардно, ќе се спроведува **самo** за пријавите кои се избрани

според нивното бодување и во рамките на расположливиот буџет за овој повик за финансиска поддршка:

- Пакет документи за докажување на личната и професионалната способност на подносителот (од Централниот регистар). (доколку директно не ги обезбедил Договорниот орган)
- Тековна состојба, годишни сметки за последните 3 години (доколку директно не ги обезбедил Договорниот орган)
- Други официјални пропратни документи добиени од службените национални регистри, одговорните национални тела или доставени од подносителот како други поврзани официјално признати документи потребни за докажување на подобноста на подносителот. (доколку директно не ги обезбедил Договорниот орган)

### 2.4. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДЛУКАТА НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

#### *2.4.1. Содржина на одлуката*

Со одлуката на Договорниот орган, подносителите се информираат за нивните пријави и, доколку биле одбиени, за причините за негативната одлука.

#### *2.4.2. Индикативна временска рамка*

| | **ДАТУМ** | **ВРЕМЕ** |
|---|---|---|
| **1. Краен рок за поставување прашања до Договорниот орган** | 01.04.2024 г. | / |
| **2. Последен датум за давање одговори од страна на Договорниот орган** | 11.04.2024 г. | / |
| **3. Краен рок за доставување на пријавите до Договорниот орган** | **22.04.2024 г.** | **16.00 ч.<br>(по локално време)** |
| **4. Известување за доделувањето** | мај-јуни 2024 г. | - |
| **5. Потпишување на договорите** | мај-јуни 2024 г. | - |

## 3. ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

**ДОКУМЕНТИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВАТ КАКО ПРИЈАВА**

Прилог А: Образец за пријава за добивање грант (во Word формат)

Прилог Б: Буџет (во Excel формат)